Зад секоја успешна компанија стои силен тим. Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и е посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел, да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост.

Имајќи го предвид нашето разбирање за моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.

Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании дојдете и придружете ни се уште денес!

ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

**ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕР / ЕЛЕКТРИЧАР / ЕЛЕКТРОМОНТЕР**

**Потребни квалификации:**

- Средна стручна спрема;
- Минимум 3 (три) години на работно искуство;
- Возачка дозвола од минимум Б категорија;

**Опис на работата:**

- електроинсталации во деловни објекти и приватни имоти (при адаптација или реконструкција);
- хаусмајсторски поправки и отклонување на дефекти и испитување на инсталации;
- полагање на кабли и поврзување на опрема;
- фина монтажа на расвета, прекинувачи, приклучоци, системи за контрола на пристап и домофони;
- монтажа на кабелски регали – ќе се смета за предност;
- монтирање на разводни ормани и спојување на истите – ќе се смета за предност;
- други електромонтажни работи;

**Дополнителни критериуми:**

- обврска за придржување кон безбедносните прописи и прописите поврзани со заштита при работа;
- способност на читање на електроинсталациски планови (шеми) – ќе се смета за предност;
- спремност за работа надвор од Скопје – без преспивање;

**Што нудиме:**

- мотивирачка атмосфера и плата по договор;
- полно работно време од пон-пет 07:30-15:30;
- колективно осигурување од несреќа;
- платени дополнителни часови прекувремено;
- можност за напредување во кариера;
- избор на рачен алат по желба;

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) на следната **email адреса:** jobs@fms.com.mk, со назнака на апликацијата “**ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕР /ЕЛЕКТРИЧАР/ ЕЛЕКТРОМОНТЕР**” или јавете се на телефонскиот број 072261073.